

Градот Штип  организирано по вторпат го одбележува патрониот празник Свети Никола. Во централниот соборен храм на Брегалничката епархија Свети Никола беше одржана свечена литургија на која чиноначластвуваа митрополитите Иларион и Агатангел.

Во рамките на одбележувањето низ улиците на Штип имаше литија, а на градскиот плоштад „Слобода“ се делеше славскиот колач.

Митрополитот на Брегалничката епархија г. Иларион рече дека големиот број православни верници кои денеска присуствува на чествувањето на патрониот празник на Штип, но и на Брегалничката епархија, докажаува дека македониот народ не е брз свои корени.

- Покажуваме дека сме древен народ, дека имаме длабока национална историја и имаме апостолска вера. Собраниот народ покажува дека сме сплотени и единствени, кога е во прашање нашата света црква и нашата татковина Република Македонија, а за нас ова е радост која ни дава сила и крепост  да истраеме и да ги победиме сите внатрешни и надворешни непријатели и да ја сочуваме татковината и нашето свето име, рече г. Иларион.

Градоначалникот на Општина Штип, Зоран Алексов вели дека патрониот празник „Свети Никола“ ги сплоти сите православни верници, без разлика на политичката припадност.

-За жал минатата година не беа сите единствени, кога сакавме да го прогласиме Свети Никола за заштитник на градот, но денешното присуство на голем број верници од сите политички партии ја оправдува нашата одлука за прогласување на Свети Никола за патронен празник на Штип, вели Алексов.

Тој истакна дека со митрополитот на Брегалничката епархија ќе покренат иницијатива

за заедничко чествување на празникот и во останатите општини, кои се дел од епархијата, бидејќи централниот соборен храм и патрониот празник е Свети Никола.

Угостителите од Штип на градскиот плоштад „Слобода“ денеска поделија околу 400 литри чорба од риба, а секој граѓанин симболично плаќаше 10 денари. Средствата кои ќе бидат собрани ќе се донираат на 10 социјално загрозени семејства.